СЕА пуштено
30.10.2018


Република Македонија
Општина Кавадарци


[redacted]

ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бул.„ Гоце Делчев"-бб
СКОПЈЕ

Арх.Бр. 15-6106/2

Дата: 30.10.2018год.
Кавадарци


Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс
043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk


ПРЕДМЕТ: Достава на документација;

Почитувани,

Согласно критериумите за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, Ви ги доставуваме следните документи за не спроведување на стратегиска оцена за Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ „Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците "Киро Крстев","Крсте Мисирков" и "7-ми Септември" во Кавадарци. и Ве молиме за Ваша потврда.

За дополнителни информации Ви стоиме на располагање;

ПРИЛОГ:

1. Одлука за не спроведување на стратегиска оцена број 15-6106/1 од 29.10.2018 година;
2. Формулар за потврда за не спроведување на стратегиска оцена од 2018год.;
3. Графички прилог- Синтезен План со тех.бр.031-0307/2017
4. Извод од ДУП број 14-1726/2 од 27.04.2017г.
5. Извод од ГУП број 14-2683/2 од 08.08.2017 г.

Со почит.

Изработил:
Нина Ташева,диа
Контролирал:
Цветанка Тодорова Лекоска,диа
/РС

Општина Кавадарци
Раководител на Сектор
дги Драгослав Симоновиќ

[redacted]

Арх.Бр. 15-6106/1

Дата: 29.10.2018год.
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс
043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина **("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), Општина Кавадарци**, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ за измена и дополнување на Детален урбанистички план дел од УМ А од УБ „Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците „Киро Крстев", "Крсте Мисирков" и "7-ми Септември" во Кавадарци. кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 217/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18 ), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка за урбанистички планови (Сл.весник на РМ" бр.142/15 ) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно чл. 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Кавадарци,http:www.kavadarci.gov.mk/.**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Изменување и дополнување на Детален Урбанистички план за дел на дел од УМ А од УБ „Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците „Киро Крстев,Крсте Мисирков и 7-ми Септември" во Кавадарци. Кавадарци, нема да има влијание врз животната срединна.

Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

4. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.

5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Одделението за урбанизам на Општина Кавадарци во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Арх.Бр. 15-6106/1

Дата: 29.10.2018год.
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс
043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

НТ/РС

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
**М-р Митко Јанчев**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Изменување и дополнување на ДУП на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците "Киро Крстев","Крсте Мисирков" и "7-ми Септември" во Кавадарци. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кавадарци |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Кавадарци |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | д.и.а Цветанка Тодорова Лекоска |
| Назив на работното место | Советник во Одделение за животна средина |
| Контакт податоци за лицето | 071/328-496 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 217/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Сл.весник на РМ, бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 142/15,217/15, 222/15,228/15,35/16,99/16,134/16 и 33/17), Извод од ГУП на град Кавадарци, Извод од постоен ДУП за предметниот опфат. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☐<br>Не☒ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот за Изменување и дополнување на Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците "Киро Крстев","Крсте Мисирков" и "7-ми Септември" во Кавадарци. е третирана во:<br>• Генерален урбанистички план за град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, од 2003-2020 год, измена и дополна донесен со одлука број 07-1796/2 од 26-12-2003 година<br>Според наведената планска документација на предметниот простор има предвидено намена домување во станбени куќи и станбени згради и јавни функции.<br>• ДУП УБ ,,Крсте Мисирков во Кавадарци.донесен со одлука бр. 07-811/3 од 15.10.2004 година.<br>Според наведената планска документација на предметниот простор има предвидено намена – домување во станбени куќи и домување во заеднички станбени објекти како и јавни функции-музеј.<br>Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот Изменување и дополнување Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците "Киро Крстев","Крсте Мисирков" и" 7-ми Септември" во Кавадарци. се изработува за да истиот се усогласи со законската регулатива, да се потврдат имовинските со урбанистичките парцели со цел да се создадат услови за трансформација на земјиштето со што граѓаните ќе се стекнат со право на сопственост наместо право на користење над нивното земјиште како и можност за максимална градба спрема дозволениот процент на изграденост и коефициент на искористеност. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Да, просторно и урбанистичко планирање. |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐ | Член: | Точка: | Алинеја: |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Не ☒ | | | |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да, предметниот плански опфат е со површина од 13236,12м2 со намена - домување во станбени куќи,колективни станбени згради и јавни функции-Музеј.<br>Планската документација е од локално значење и нема да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето бидејќи во рамки на планскиот опфат не се предвидени намени кои би можеле да имаат значително влијание врз животната средина. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој ДУП покрај смерниците од ГУП е и тоа што при оформување на градежните парцели во ДУП не се почитувани можностите за заедничко градење. Исто така со изменувањето и дополнување на ДУП на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците "Киро Крстев","Крсте Мисирков" и" 7-ми Септември" во Кавадарци, концепцијата на решението ќе произлегува од постојната состојба и увидот на лице место. Со предложеното решение се задржува предвидената со ГУП намена на површини –А1-домување во станбени куќи и А2 -станбени згради и јавни функции-М. Според Деталниот урбанистички план на предвидениот плански опфат како намена покрај домување во станбени куќи и станбени згради , се јавува и компатибилна класа на намена – Б1- мали комерцијални дејности.<br>Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класи на намени :<br>А1- домување во станбени куќи<br>А2-домување во станбени згради<br>В3-јавни функции-Музеј<br>Е- инфраструктура<br>и останати површини наменети за сообраќајници<br>Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:<br>А1- домување во станбени куќи<br>А2-домување во станбени згради<br>В3-јавни функции-Музеј |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Просторно и урбанистичко планирање |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Пет години |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Не е предвидено ревидирање. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се |

| |
|---|
| прикачи мапа) |
| Просторот дефиниран за изработка на Изменувањето и дополнувањето на Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците "Киро Крстев","Крсте Мисирков" и" 7-ми Септември" во Кавадарци, со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Кавадарци .<br>Границите на планскиот опфат се следните:<br>На север: ул.,,7-ми Септември",<br>-На исток-ул.,,Крсте Мисирков",<br>- На југ-ул.,,Крсте Мисирков",<br>- На запад-ул.Киро Крстев<br>Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 13236,12 м2.<br>. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со предложеното решение се задржува предвидената со ГУП намена на површини – А1- домување во станбени куќи и А2- домување во станбени згради и В3 -јавни функции.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на овој ДУП, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата;</td><td>Не постои веројатност дека усвојувањето на оваа планска документација ќе има негативни влијанија врз животната средина, како во фазата на градба, така и во фазата на експлоатација на планираните објекти.<br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не значајни</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>При изградбата и експлоатацијата на предвидените содржини во рамки на планскиот опфат не постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина. Со оглед на фактот дека на предметната локација е предвидена намена - домување во станбени куќи и станбени згради, како и Музеј, при уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност со цел да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Просторот дефиниран за изработка на изменување и дополнување на Детален Урбанистички план на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | “Киро Крстев“, “Крсте Мисирков“ и “ 7-ми Септември“ во Кавадарци. со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Кавадарци .<br>Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 13236,12м2. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Со реализација на Измената и дополнувањето на Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков“ на делот помеѓу улиците “Киро Крстев“,“Крсте Мисирков“ и ,,7-ми Септември“ во Кавадарци.и подоцна со непречено функционирање на објектите зацртани со планските содржини ќе дојде до зголемени економски ефекти и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br>Со уредувањето на комуналниот систем ќе се овозможи поголем квалитет, односно повисок стандард на живеење за жителите во непосредната околина и пошироко.<br>Обемот и динамиката на планското решение ќе го дефинира Општината според интересот и можностите за финансирање. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Просторот е градежно изграден со куќи од кои дел со својата намена несоодветствуваат со ГУП,па порадо тоа земјиштето програмски ќе се осмисли и испланира за реалните потерби на самата општина и неговото опкружување.<br>Сообраќајно планскиот опфат е дефиниран од сите страни како и во внатрешноста на планскиот опфат.<br>Потребно е целосно уредување на просторот на планскиот опфат и обезбедување на основните функции. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. Со изградба на предвидените содржини ќе се постигне подобра пејзажна и функционална компонираност со околината. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето на кое ќе се градат објектите претставува градежно земјиште, коешто нема можност за друга употреба согласно ГУП на град Кавадарци. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Према заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките дадени со Генерален урбанистички | |

план за град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, од 2003-2020 год. и измената и дополнувањето на Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците “Киро Крстев“,“Крсте Мисирков“ и ,,7-ми Септември“ во Кавадарци. можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

- рационално искористување на градежното земјиште;
- дефинирање на површини за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност во рамките на планскиот концепт;
- решавање на сообраќајот и сообраќајот во мирување (паркирање);
- оптимално димензионирање на комуналната инфраструктура.

Деталниот урбанистички план, со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ке овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти).
Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени застапени на просторниот концепт а тоа се следните:
В3-јавни функции-Музеј
А1- домување во станбени куќи
А2-домување во станбени згради.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Планскиот опфат се наоѓа во централното градско подрачје. Со планската документација се предвидува изградба на
А1- домување во станбени куќи
А2-домување во станбени згради
В3-јавни функции-Музеј
истиот нема да има влијание врз животната средина и врз околните објекти.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)
Донесувањето на оваа планска документација ќе има незначителни влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:

- воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање незначително ќе влијаат врз квалитетот на воздухот понатаму со нејзиното секојдневно функционирање.

- бучава- се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација само во фазата на реализација на проектот, но не и во фазата на експлоатација на истата.

- отпад- во фазата на реализација и експлатација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на

продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва, подземни води, воздух итн.);

-флора и фауна- реализацијата на објектите предвидени во планскиот опфат нема доведе до деградирање на живеалиштата на одредени видови фауна, и прекинување на ареалите на движење. Динамиката на ваквите влијанија ќе зависат од динамиката на реализирање на комплексот.

Негативните влијанија ќе бидат локални, но не се очекува да бидат значителни.
Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта.

Од аспект на оддржливост, донесувањето на
изменување и дополнување на Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците "Киро Крстев","Крсте Мисирков" и "7-ми Септември" во Кавадарци. позитивно ќе влијае врз:
- обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот,
- зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст, како и
- зголемување на нивото на животен стандард во општината.

Предвиденото планско решение како алтернатива дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност просторот од неатрактивно неизградено земјиште да прерасне во простор кој ќе даде придонес за развојот на регионот, локалната и националната економија.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:
- загадување на површинските и подземните води(доколку не се придржува инвеститорот до предвидените проекти за водоводна мрежа и фекална и атмосферска канализација);
- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);
- зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлатација на објектите предвидени во планскиот опфат);

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите

| |
|---|
| планскиi документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>**Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот изменување и дополнување на Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците ,,Киро Крстев",“Крсте Мисирков" и “7-ми Септември" во Кавадарци.е третирана во:**<br><br>• Генерален урбанистички план за град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, од 2003-2020 год, измена и дополна донесен со одлука број 07-1796/2 од 26-12-2003 година<br>Според наведената планска документација на предметниот простор има предвидено намена домување – станбени куќи , станбено згради и јавни функции.<br><br>• ДУП УБ,,Крсте Мисирков " Кавадарци донесен со одлука бр. 07-811/3 од 15.10.2004 година<br>Според наведената планска документација на предметниот простор има предвидено намена – домување во станбени куќи , станбени згради и јавни функции. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>**Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи.** |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>**Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на изменувањето и дополнувањето на Детален Урбанистички План на дел од УМ А од УБ ,,Крсте Мисирков на делот помеѓу улиците “Киро Крстев",“Крсте Мисирков" и “7-ми Септември" во Кавадарци, ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина.** |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник,<br>М-р Митко Јанчев |
| Датум __________<br>Место Кавадарци | М.П. |